РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-287/14-2
16. 10. 2012 год.
СКОПЈЕ

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University, Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar Примено Received | 18.10.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. Орг. Един. Org. unit | Numër Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 17 | 1190/5 | / | / |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на 11.седница одржана на 21.06.2012 година, и на 12. седница одржана на 12.09.2012 година донесе

## РЕШЕНИЕ

**за усогласување и акредитација на студиските програми на Факултетот за современи науки и технологии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Се акредитираат усогласените студиски програми со Законот за високото образование на **Факултетот за современи науки и технологии (4+1) 60 ЕКТС) и (3+2) 120 ЕКТС)** на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово

   - Бизнис информатика, 2 циклус 2 годишни
   - Софтверско инженерство, 2 циклус, 2 годишни
   - Менаџирање бази на податоци, 2 циклус, 2 годишни
   - Развој на софтвер и апликации, 2 циклус, 1 годишни
   - Менаџмент на животната средина,2 циклус, 2 годишни и 1 годишни

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за измени и дополнувања на студиските програми согласно измените од Законот за високто образование, како и одлуката за усвојување на студиските програми од Ректорската управа, достави елаборати до Одборот за акредитација е евалуација.

Одборот за акредитација на својата 10 седница одржана на 31.05.2012 година формира експертски комисии и на 11. седница одржана на 21.06.2012 година, и на 12. Седница одржана на 12.09.2012 година врз основа на доставените елаборати и извешти на експертските комисии одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Одбор за акредитација и евалуација на високото образование СКОПЈЕ